РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП-I бр. 25 – 67
27 06 16 2016 година
Скопје

Врз основа на член 24 став (4) од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија" бр. 33/06, 63/07, 24/11, 51/11, 148/11, 164/13 и 152/15) и член 4 од Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена сообразност („Службен весник на Република Македонија" бр.157/07) , постапувајќи по барањето на правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје, УП-I бр. 25–67 од 20.05.2016 година, министерот за економија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за овластување за вршење на оцена на сообразност**

1.СЕ ОВЛАСТУВА Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје за:

• вршење на оцена на сообразност на лифтови за вертикален кос превоз на лица, на лица и стоки и само на стоки за следните типови на инспекции:
-испитување на тип на лифтови (Модул В);
-поединечна верификација на лифтови (Модул G);
-завршна инспекција на лифтови,
согласно Законот за безбедност на производите и Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/07 и 113/11) и

• вршење на оцена на сообразност на: сервисни лифтови, лифтови во ветерни турбини, сите видови платформи и специјални лифтови за превоз на лица, на лица и стоки и само на стоки, паркинг системи, лифтовски платформи за лица со посебни потреби, градежни лифтови, висечки скелиња, висечки подвижни платформи, подигачи во театри, платформи со столбно подигање, привремени транспортни платформи на погон преку запчаник и запчеста лента, транспортери за лица-ескалатори и подвижни ленти, сите видови крански, портални и конзолни дигалки, дигалки со кула, рачно задвижувани дигалки, подвижни платформи и дигалки, платформи и дигалки монтирани на возила, платформи и дигалки за сервисирање на возила, платформи за нивелирање, платформи за нивелирање моторни возила, виљушкари, индустриски транспортери и рударска техничка опрема за површинска експлоатација за следните типови на инспекции:
-поединечна верификација;
-испитување на тип,
согласно Законот за безбедност на производите и Правилникот за безбедност на машини („Службен весник на Република Македонија" бр. 123/09 и 113/11)

2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе важи до исполнување на условите од член 24 став 1 и 22 од Законот за безбедност на производите.

3. Правното лице доколку изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите од точка 2 на ова Решение, должно е да го извести Министерството за економија најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

## О б р а з л о ж е н и е

Правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје, до Министерството за економија поднесе барање бр. 14/16 од 20.05.2016 година за донесување на Решение за овластување за вршење на оцена на сообразност на лифтови за вертикален кос превоз на лица, на лица и стоки и само на стоки за поединечна верификација на лифтови (Модул G), испитување на тип на лифтови (Модул B) и завршна инспекција на лифтови согласно Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови.

Во истото барање за донесување на Решение за овластување правното лице бара и вршење на оцена на сообразност на: сервисни лифтови, лифтови во ветерни турбини, сите видови платформи и специјални лифтови за превоз на лица, на лица и стоки и само на стоки, паркинг системи, лифтовски платформи за лица со посебни потреби, градежни лифтови, висечки скелиња, висечки подвижни платформи, подигачи во театри, платформи со столбно подигање, привремени транспортни платформи на погон преку запчаник и запчеста лента, транспортери за лица-ескалатори и подвижни ленти, сите видови крански, портални и конзолни дигалки, дигалки со кула, рачно задвижувани дигалки, подвижни платформи и дигалки, платформи и дигалки монтирани на возила, платформи и дигалки за сервисирање на возила, платформи за нивелирање, платформи за нивелирање моторни возила, виљушкари, индустриски транспортери и рударска техничка опрема за површинска експлоатација за поединечна верификација и испитување на тип согласно Правилникот за безбедност на машини.

Со барањето доставена е следната документација:
-Решение за упис издаден од Централниот регистар на Република Македонија бр. 35020160008161 издадено на 15.03.2016 година;
-Полиса за осигурување од одговорност од штета издадена од ЕУРОЛИНК осигурување а.д. Скопје со бр. 130170000598/00 со важност до 04.05.2017;
-Сертификатот за акредитација со Прилог за опсегот на акредитација на инспекциско тело Бр. ИТ–098, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија на 18.05.2016 година;
-Докази за вработениот стручен кадар: Горан Сековски дипл. маш. инж., Драге Јовановски дипл. маш. инж. и Драги Митковски електротехничар

Согласно доставената документација се одлучи како во Диспозитивот на Решението.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР,
Dritоn Kuqi